СПИСАНИЕ ЗА ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

просветно дело

4

2026

JOURNAL FOR THEORY AND PRACTICE OF THE EDUCATION

PROSVETNO DELO

СПИСАНИЕ ЗА ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

год.LXXIX **просветно дело** **Скопје, 2026**

Издава: Здружение за теорија и практика на образованието „ОБРАЗОВНИ РЕФЛЕКСИИ“ - Скопје

Списанието започна да излегува како весник од 1945 година под име „Просветно дело“, а како списание започна да излегува од 1947 година со истото име.
Прв уредник на списанието беше Блаже Конески.

* * *

Претплатата се испраќа на:
Здружение за теорија и практика
на образованието
„ОБРАЗОВНИ РЕФЛЕКСИИ“,
ж-сметка: 300 0000035805 97
Комерцијална банка АД Скопје
со ознака ЗА СПИСАНИЕТО

* * *

Списанието излегува во четири броја годишно. Ракописите не се враќаат. Претплатата трае се додека не се откаже и тоа најдоцна во декември тековната година.

* * *

ИЗДАВАЧ

Здружение за теорија и практика
на образованието
„ОБРАЗОВНИ РЕФЛЕКСИИ“
Скопје, Македонија

ГЛАВЕН УРЕДНИК

Проф. д-р Никола ПЕТРОВ
Скопје, Македонија

РЕДАКЦИЈА

Проф.д-р Јасна **КУДЕК МИРОШЕВИЌ**
Загреб, Хрватска

Проф.д-р. **Мирсада ЗЕЌО**
Сарајево, БИХ

Проф. д-р **Јадранка РУНЧЕВА**
Нови Сад, Србија

Проф. д-р **Иван ФЕРБЕРЖЕР**
Љубљана, Словенија

Проф. д-р **Фатбарда ЃИНИ**
Тирана, Албанија

Проф. д-р **Васил ДРВОШАНОВ**
Скопје, Македонија

Проф.д-р **Томислав ТАНЕВСКИ**
Скопје, Македонија

Проф.д-р **Емилија ПЕТРОВА ЃОРЃЕВА**
Штип. Македонија

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
Ѓорѓи Илиевски

ТЕХНИЧКИ УРЕДНИК
проф.д-р Томислав Таневски

e-mail: obrazovni_refleksii@hotmail.com

СОДРЖИНА

ПРОСВЕТНО ДЕЛО **4 2026**
списание за теорија и практика на образованието
UDK- 37 ISSN 0350-6711 год. LXXIX стр.1-

Д-р Виолета НИКОЛОВСКА	**5**	**СОЦИЈАЛНОТО, ИДЕНТИТСКОТО, ЉУБОВНОТО: К. РАЦИН, Г. СТЕФАНОВСКИ И П. М. АНДРЕЕВСКИ**
Д-р Валентина КЛОПЧЕВСКА **Д-р Игор КЛОПЧЕВСКИ**	**19**	**ЗАВИСНОСТИ И ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ ПО ЗДРАВЈЕТО КАЈ МЛАДИТЕ**
Горан ИЛИЈЕВСКИ **Д-р Валентина ВЕЛКОВСКА ТРАЈАНОВСКА**	**36**	**МЕЛОДИЈА И ХАРМОНИЈА - МУЗИЧКИ ИЗРАЗНИ СРЕДСТВА И НИВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ ВО ДЕЛОТО „ЈУБИЛЕЈНА УВЕРТИРА“ ОД КОМПОЗИТОРОТ ФИЛИП СПАРК**
Д-р Оливер ЦАЦКОВ	**47**	**„ИЛИНДЕН“ – ПРВАТА ДРАМА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО КНИЖЕВНИОТ КОНТЕКСТ НА МЕЃУВОЕНИОТ ПЕРИОД**
Никола ВЕЛКОВСКИ **Д-р Валентина ВЕЛКОВСКА ТРАЈАНОВСКА**	**53**	**ПРИСУТНОСТА НА ИНСТРУМЕНТОТ ХОРНА ВО КОНЦЕРТОТ ЗА ХОРНА, ПИЈАНО И ОРКЕСТАР ОД КОМПОЗИТОРОТ МИХАЈЛО НИКОЛОВСКИ**
Д-р Сања ГАЦОВ **Д-р Емилија ПЕТРОВА ЃОРЃЕВА**	**67**	**СТИЛОВИ НА УЧЕЊЕ, ДИГИТАЛНА АВТОНОМИЈА И УЧЕЊЕ ПОДДРЖАНО ОД ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА КАЈ ГЕНЕРАЦИЈАТА Z И ГЕНЕРАЦИЈАТА АЛФА: КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА**
Д-р Васил ДРВОШАНОВ	**84**	**РЕЛЕВАНТЕН ТОПОНОМАСТИЧКИ ТРУД - (Зоран Спасовски. *Топонимијата на Радовишко.* Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2025) – Трет дел**
Ѓорѓи ИЛИЕВСКИ	**110**	**КАКАВА Е СОСТОЈБАТА НА ЕВРОПСКИТЕ УНИВЕРЗИТЕТИ**
Д-р Ѓорѓина ЌИМОВА	**117**	**РЕЦЕНЗИЈА - за книгата „Методика на уметничко подрачје“ од Проф. д-р Томислав Таневски**
Д-р Лена ДАМОВСКА	**119**	**РЕЦЕНЗИЈА на книгата „Кризата на Детството: Загубениот дух на детството о смислата на играта“ од авторот Проф. д-р Кирил Барбареев**

PROSVETNO DELO **4 2026**
Magazine for theory and practice in education
UDK- 37 ISSN 0350-6711 year. LXXIX p.1-

Violeta Nikolovska, PhD	**5**	THE SOCIAL, THE IDENTITARIAN, AND THE AMOROUS: K. RATSIN, G. STEFANOVSKI, AND P. M. ANDREEVSKI
Valentina KLOPCHEVSKA, Ph.D. Igor KLOPCHEVSKI, Ph.D.	**19**	ADDICTIONS AND HARMFUL HEALTH CONSEQUENCES IN YOUNG PEOPLE
Goran ILIJEVSKI Valentina VELKOVSKA-TRAJANOVSKA,Ph.D.	**36**	MELODY AND HARMONY - MUSICAL EXPRESSIVE MEANS AND THEIR CHARACTERISTICS IN THE WORK 'JUBILEE OVERTURE' BY COMPOSER PHILIP SPARK
Oliver CACKOV,Ph.D	**47**	"ILINDEN" – THE FIRST DRAMA IN THE MACEDONIAN LANGUAGE IN THE LITERARY CONTEXT OF THE INTERWAR PERIOD
Nikola VELKOVSKI Valentina VELKOVSKA-TRAJANOVSKA,Ph.D.	**53**	THE PRESENCE OF THE HORN IN THE CONCERTO FOR HORN, PIANO, AND ORCHESTRA BY COMPOSER MIHAJLO NIKOLOVSKI
Sanja GACOV, Ph.D Emilija PETROVA GJORGJEVA, Ph.D	**67**	LEARNING STYLES, DIGITAL AUTONOMY, AND ARTIFICIAL INTELLIGENCE-ENABLED LEARNING IN GENERATION Z AND GENERATION ALPHA: A COMPARATIVE STUDY
Vasil DRVOSHANOV, Ph.D	**84**	RELEVANT TOPONOMASTIC WORK (Zoran Spasovski. The toponymy of Radoviško. Skopje: Institute of the Macedonian Language "Krste Misirkov" (2025) – Part 3
Gjorgji ILIEVSKI	**110**	WHAT IS THE STATE OF EUROPEAN UNIVERSITIES
Gjorgjina Kimova, Ph.D	**117**	REVIEWS for the book "Methodology of the Art Field" by Prof. Dr. Tomislav Tanevski
Lena DAMOVSKA, Ph.D	**119**	REVIEWS of the book "The Crisis of Childhood: The Lost Spirit of Childhood on the Meaning of Play" by the author Prof. Dr. Kiril Barbareev

Д-р Оливер ЦАЦКОВ
Факултет за Образовни науки,
Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Северна Македонија

ПРЕГЛЕДНО НАУЧЕН ТРУД

“ПРОСВЕТНО ДЕЛО“
LXXIX,4,2026
UDK
821.163.3-2(091)

„ИЛИНДЕН“ – ПРВАТА ДРАМА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО КНИЖЕВНИОТ КОНТЕКСТ НА МЕЃУВОЕНИОТ ПЕРИОД

Апстракт: Трудот го истражува книжевноисториското значење на драмата „Илинден“, определена како прва драма на македонски јазик во македонската литература меѓу двете светски војни. Преку анализа на делото, вниманието е насочено кон неговите тематски и содржински особености, историската тематика и начинот на кој Илинденското востание е претставено како значаен симбол на македонската историска меморија и национална свест. Посебен акцент се става на значењето на драмата во контекст на развојот на македонската драмска книжевност во периодот меѓу двете светски војни, како и на нејзиниот придонес во зачувувањето и афирмацијата на македонскиот јазик и културниот идентитет.

Во 1912 година на педесет и две стани, во Софија во издание на авторот била објавена драмата на Никола Киров-Мајски „Илинден“[1].Драмата на Мајски има историско национално-политичко значење. Нејзиното историско значење е во вистината дека овој писател ,пред сите друг наши драмски писатели од периодот меѓу двете светски војни, објавил драма на македонски јазик на својот роден дијалект- крушевскиот. Затоа и делото „Илинден“ обележува дека во македонската драмска литература,бидејќи неговото драмско литературно дело„ во еден исклучителен историски момент за македонскиот народ го исфрли македонскиот јазик како неопходна на македонската борба и на афирмацијата на македонската нација и култура“.[2] Ликовите во драмата „Илинден“ се поделени во две групи: едната ,во која се преставниците на османлиите, и другата, во која најголем број се Македонци,а потоа и преставници на албанската и влашката националност. Турците како тогашни владетели во Македонија Мајски ги преставува преку ликовите на: Јаја,началник на телеграфско-поштенската станица и претседател на Турскиот комитет за Крушево, Џемал-началник на жандармеријата, Сулејман-началник на гарнизонот,Зекил-полициски службеник,Ајредин детектив и Шабан Куркубет-поштенски службеник и роден злосторник. Сите тие еднакво мислат и чувствуваат изразувајќи ги своите феудални разбирања дека нивното право на експлатирање е вечно и свето. Се што е човечко за нив е туѓо. Но, свесни дека нивното време истекува за нив постоел само еден закон да-убиват.За Шабан и самиот Јаја во првиот чин вели: „Еве ви еден баш кабадија,бабаит и зулумќар уште во мајак си“.

Сите овие ликови живеат ист живот,ниту една од нив не е индивидуализирана,ниту покажувала интерес за духовни човечки големини, ниту имаат специфичен внатрешен свет.

Преку нив Никола Мајски го слика и односот на Османлиите кон востанието што се подготвувало. Иако Турците го потполнувале целиот прв чин, најдолг, скоро половина од драмата со своите седум појави,сепак Мајски уметнички не успеал да изваја ниту еден лик на тиранин деспот, бидејќи и самата драма ја лишил од остри драмски

[1] Илинден- Слики од големото македонско востание во 1903 година од Н.К. Мајски. Прво составено издание. Софија,печатница „Художник“,1923.

[2] Д-р Блаже Ристовски, Драмските текстови на Н.К.Мајски,V- Рацинови средби, Т.Велес,1968.

судири и конфликти,вметнал долги монотони, а на моменти и непотребни монолози. Писателот ниту во еден момент не го оставил настанот да тече природно и самостојно. Понатаму Никола Киров Мајски неуспеал да даде ни позабележлива диференцијација на ликовите од „спротивниот свет“, христијанскиот. Иако ги поделил во групи истакнати револуционери и војводи:Никола Карев,Даскалот, Глигор,Тодор,млади и видни работници во Органицацијата: Велко, Васо,Ванчо, селскиот учител Стерју,учениците: Нуне,Миле и Миту и женските ликови: баба Мара, Илијица и улителката,сепак во мислите и чувствата и во односот кон Организацијата и востанието ги унифицира. За сите нив слободата е најголема вредност во животот,идеал за кој вреди да се умре. Таа мисла е доминантна во чувствата на сите ликови,во неа се проткаени,мисла што ја одразува слободољубовства и на нивниот творец,писателот Мајски. Во ликот на Никола Карев писателот насликал типичен македонски војвода од времето на Илинден: јуначен,справедлив и човечен. Неговите хуманистички и социјалистики идеи се реализираат во познатиот Манифест на Крушевската република, што во делото го чита Даскалот. Бидејќи оргиналниот текст на Прокламацијата не е зачуван,требало да поминат дваесет години за Мајски да може по сеќавањ затоа што и самиот тој бил и негов автор во Крушево во 1903 година да ја вметне во својата драма. Поради тоа и Блаже Ристевски заклучува дека драмата „и небила“ напишана само за изведба на сцена,туку во прв ред за читање“.

Најверојатно дека ова е точно бидејќи во фуснотата на крајот од вториот чин Мајски без повод од драмското дејство го вметнал во драмата и одговорот на Турците на легендарната прокламација од востаниците.

Во вториот чин на драмата авторот се обидел да го докаже општо-народниот карактер на востанието до 1903 година во кое учество земале и мажи и жени,стари и млади. Во овие момети писателот неможел да го сокрие своето воодушевување од тој однос и во момети се заборава во својата егзалтација и тогаш некој реплики добиваат свечен чин: „ Гледај даскале,моми како капки, пак дури не се ослободиме,велат, не се мажеле. Што ѓавол ги зеде сите тргнале со еден ум и една мисла: ни момите ни момчињата мислат за мажење и женење. Кажи им за комитлукот и востанието. За друго не барај ги.“.

На ентузијазмот на младите луѓе да помогнат во организирањето на востанието., даскалот им одговара:“ Слушајте другари јас знам дека сите сме готови да станеме жртва за слобода на Македонија,дури не ја жалиме и својата крв“. Дека целиот народ живеел за востанието и дека секој го помагал колку можел кажувал ученикот Миле:“ од народ ли да се плашиме! Никогаш!. Поради тие дарови,еве на двапати ја местиме леарницата “. Во третиот чин Мајски повторно се навраќа на турските ликови не внесувајќи не во нивните карактери. Четвртиот чин е сосема краток има само две појави и во него раководителот на Крушевскиот комитет Глигор пред насобраните револуционери ја чита веста дека дошол денот кога македонскиот народ се крева на вооружено востание. Петиот чин и самиот почеток на востанието која писатлот не го слика низ појави,туку зад сцената се слушаат борбените повици,а потоа со дигањето на завесата Мајски го прикажува шаторот на Штабот и Никола Карев со другарите од кој еден држи барјак на кој пишува „ Смрт или слобода“ и „Автономна Македонија“. Драмата завршува со песната во која се слави востанието или Илинден. Писателот не го дава самиот чин на борбата но од подготовките на востанието останува впечатокот дека победата на востаниците е единствениот можен крај.Дали изнесувајќи ја оваа содржина од најсветлото минато на македонскиот народ врз автентичен материјал и сеќавања Никола Мајски имал и книжевно-уметнички амбиции? Самата драма нив неможе да ги открие.Животот на народот во неа не е насликан низ драмски судрувања. Драмата не бележи варирања во својот развој ни кога писателот се обидува да открие злосторство или бизарна слика. Ниту кога открива високи човечки и морални особини кај луѓето борци за слобода „ Илинден“ нема водечка драмска линија ни кога го фиксира светот на злосторството ниту кога ја глорифицира слободољубивоста. Ликовите во драмата немат психолошка длабочина ниту откриваат лични судири во својот интимен свет. Самиот број на ликовите во драмата,27, укажуваат дека во делото може малку да се зборува за драмски ликови и ситуации,преовладува наративноста која се јавува како сопирачка и на драмскиот настан. Поголема живост се забележува во последниот чин во моментот на заземањето на Крушево каде се слушаат повици и елиптични реченици. Песните македонски и влашки и повикувањето на хероите во една егзалтирана и долго очекувана атмосфера,пиететот со кој ги

слика носителите на востанието: Никола Карев и Даскалот, составувачот на Крушевскиот Манифест главната врска со Штабот на востаниците,него го оставаат писателот да биде мирен да ги пуште сами низ драмското дејство да ги формираат своите ликови и погледи. Поради тоа и централните ликови во драмата " Илинден" нивниот автор не успеал да ги диференцира ниту психолошки ниту драмски. Затоа „Илинден" останува само сведиштво на еден очевидец на големиот миг од бунтовната историја на македонскиот народ од поново време.

Заклучок

Врз основа на анализата може да се заклучи дека драмата „Илинден" на Никола Киров-Мајски има значење што ги надминува нејзините ограничувања во поглед на драмската композиција и психолошката изградба на ликовите. Иако во делото доминира наративниот пристап, а драмските судири не се развиени со потребната сценска динамика, неговата вредност се согледува во настојувањето историското искуство да се преточи во книжевен текст на македонски народен говор.

Особената важност на драмата произлегува и од фактот што нејзиниот автор бил непосреден учесник во Илинденското востание. Сепак, делото треба да се чита и како книжевна интерпретација создадена со временска дистанца, обликувана од личните сеќавања и од идејните ставови на авторот, а не како целосно непосреден и неутрален запис на историските настани.

Со претставувањето на Илинденското востание, ликовите на неговите учесници и идеалот за слобода, Мајски оставил значајно сведоштво за начинот на кој едно историско искуство било зачувано и пренесено преку драмската книжевност. Во таа смисла, „Илинден" зазема важно место во проучувањето на македонската драмска книжевност од меѓувоениот период и претставува значајна алка во следењето на развојот на македонскиот драмски израз.

Oliver CACKOV,Ph.D

“ILINDEN” – THE FIRST DRAMA IN THE MACEDONIAN LANGUAGE IN THE LITERARY CONTEXT OF THE INTERWAR PERIOD

Abstract:This paper examines the literary and historical significance of the play *Ilinden*, regarded as the first drama written in the Macedonian language within Macedonian literature during the interwar period. Through an analysis of the work, particular attention is devoted to its thematic and content-related characteristics, its historical subject matter, and the way in which the Ilinden Uprising is presented as an important symbol of Macedonian historical memory and national consciousness. Special emphasis is placed on the significance of the play within the context of the development of Macedonian dramatic literature between the two world wars, as well as its contribution to the preservation and affirmation of the Macedonian language and cultural identity.

Користена литература

1. Киров-Мајски, Никола. Илинден. Драма в пет действия. Картини от великото македонско въстание през 1903 год. Софија, 1923.
2. Мајски, Никола Киров. „Илинден“. Во: Македонската драма меѓу двете светски војни. Приредил Александар Алексиев, кн. 1. Скопје: Македонска книга, 1976, стр. 5–43.
3. Митрев, Димитар. „Одразот на илинденското востание во уметничката литература“. Во: Избор од студии и есеи. Скопје: Македонска литература, 1987, стр. 45–87.
4. Ристовски, Блаже. „Драмските текстови на Никола Киров Мајски“. Во: Петти Рацинови средби. Титов Велес, 1968, стр. 50–61.
5. Ристовски, Блаже. Македонскиот стих 1900–1944: истражувања и материјали, кн. I. Скопје, 1980, стр. 113–125.
6. Сталев, Георги. „Никола Киров Мајски“. Во: Македонска книжевност 1800–1945, II дел. Скопје: Институт за македонска литература, 2003, стр. 83–86.
7. Стоичовски, Благој. Никола Киров Мајски. Скопје, 1990.